РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-203/4
27-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на ден 20.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-203/1 од 09.01.2026 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконито работење и злоупотреба на службена положба во Фондот за здравствено осигурување на РСМ – Подрачна служба ---------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-203/1 од 09.01.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Во ДКСК е оформен предмет со број 12-203/1 од 09.01.2026 година, по пријава на познат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконито работење и злоупотреба на службена положба во Фондот за здравствено осигурување на РСМ – Подрачна служба ---------------. Во пријавата се наведува дека од страна на раководното службено лице на Подрачната служба, ------------------------, било ангажирано лицето ---------------------- со што му било овозможено да извршува работни задачи и да ги користи службените ресурси и простории, иако официјално му бил прекинат работниот однос и не постоел важечки договор за вработување или друг законски основ за ангажман на наведеното лице.
Во насока на проверка на пријавените наводи, ДКСК достави барање за доставување на информација и документација во врска со ангажирањето на лицето ---------------- во Подрачната служба на ФЗО-РСМ во ------------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од увидот во доставената документација констатирано е следното:
-Лицето -------------- било ангажирана во Подрачната служба на ФЗО, врз основа на Договор на дело со арх.бр.------------/-- за период од 08.08.2025 до 31.12.2025 година, како и Договор на дело со арх.бр.------------/1 за период од 02.01.2026 до 31.12.2026 година.
-Од договорите на дело се гледа дека лицето било ангажирано како вршител на интелектуални работи во ФЗО на РСМ – Подрачна служба во -------------, на работно место Референт за надоместок на боледувања во ПС -----------, за да ги извршува следните работни задачи: вршење на рутински помошно-стручни сметководствени, материјално-финансиски, информативно-документациони, административно-технички, статистички, информатички, кадровски работи од други области, а кои се од административна природа, под назор и контрола на претпоставениот раководен административен службеник; да прима пријави, одјави ги евидентира и ги следи промените во осигурувањето и врши нивно комјутерско спроведување по осигуреници; да ги проверува здравствените легитимации при стекнување ново својство на осигуреник; администратор и работа поврзана со лекарските комисии; да изготвува спецификации за исплата на боледување: да ја контролира исправноста на документацијата за издавање на ортопедски помагала и да спроведува компјутерска заверка на потврди за потреба на протези, ортопедски и други помагала и други работи.
Вршителот се обврзал горенаведените работи утврдени со договор на дело да ги извршува во согласност со општите акти и Процедурата за утврдување критериуми за ангажирање на лица за извршување на интелектуална работа по договор за дело број -----------/1 од 03.02.2022 година.
Од увидот во Договорот на дело со бр.-----------/1 ДКСК утврди дека согласно член 2 на истиот, лицето ---------------- била ангажирана во период од 02.01.2026 до 31.12.2026 година, од што произлегува дека наводите за незаконско вработување на наведеното лице, не се потврдуваат.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК